# ФАЗА 3а мерки за заштеда на вода се на сила во Мелбурн



**MANUAL WATERING & DRIPPER SYSTEM**
**6 AM ▶ 8 AM ***



**AUTOMATIC DRIPPER SYSTEM MIDNIGHT TILL 2 AM ***



**EFFICIENT COMMERCIAL CAR WASH ONLY†**



**–1 IN 4– SPORTSGROUNDS CAN BE WATERED**



**INDUSTRY: MUST COMPLETE WATER CONSERVATION PLAN#**




**SOLUTIONS: RAINWATER & GREYWATER ANYTIME**

## Тревниците воопшто не смеат да се наводнуваат со вода од водовод

## ДОМАШНИ ГРАДИНИ*

### Денови за наводнување

**ПАРНИТЕ** броеви на куќи и куќите без броеви ќе можат да наводнуваат секоја **сабота** и **вторник** (во определеното време).

**НЕПАРНИТЕ** броеви на куќи ќе можат да наводнуваат секоја **недела** и **среда** (во определеното време).

**Наводнувањето НЕ е дозволено во понеделник, четврток и петок.**

### Време за наводнување

*Рачно наводнување*

Рачните системи капка по капка, црево држено во рака и со славина за затворање, канти и кофи за наводнување може да се користат за наводнување на растенијата во определените денови во времето помеѓу 6.00 и 8.00 часот.

Домаќинствата со најмалку еден член на 70 години или постар може да наводнуваат рачно во определените денови во времето помеѓу 6.00 и 8.00 часот или 8.00 и 10.00 часот.

*Автоматско наводнување*

Автоматските системи капка по капка може да се користат во определените денови во времето помеѓу полноќ и 2.00 часот.

## МИЕЊЕ НА ВОЗИЛАТА†

Може да се користат комерцијалните мијачи на возила кои користат 70 литри вода по возило или помалку. Автомобилите не смеат да се мијат дома со вода од водовод.

Кофа наполнета со вода од водовод може да се користи за миење прозорци, огледала и светилки, и отстранување на корозивни материјали на одредени места.

## СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

Во целина, 1 од 4 спортски терени определени од Општината може да се наводнуваат. Определените терени може да се наводнуваат: само зелените површини за крикет и голф (не патеките), тениските терени, зелените делови за куглање, за хокеј, патеките за трчање, зелените делови за крокет.

## ИНДУСТРИЈАТА#

Стопанските објекти кои користат 10 мегалитри вода или повеќе во годината мора да донесат план за заштеда на водата.

## БАЗЕНИ И СПА

Нов базен или спа со било кој капацитет не смеат да се полнат со вода од водовод. Меѓутоа, нови или постоечки базен или спа може да се полнат со друг вид на вода како што е површинската вода.

Постоечки базен или спа со помалку од 2.000 литри вода може да се полни со кофа наполнета од водовод.

Постоечки базен или спа со повеќе од 2.000 литри не смеат да се полнат освен во согласност со планот за заштеда на вода (јавете се на компанијата која ве снабдува со вода за повеќе информации).

Постоечки базен или спа не семат да се дополнуваат на друг начин освен со кофа од водовод. Црево не смее да се користи.

## РЕШЕНИЈА

Отпадна вода, дождовница и прочистена вода може да се користат во секое време. За совети за безбедно користење појдете на **www.epa.vic.gov.au**. Рестрикциите не важат за дождовницата собрана во резервоарите, под услов да не се замени со вода од водовод.

### Казни и присила

Фазата 3а мерки за штедење на водата мора да се почитува. Патроли кружат во Мелбурн за контрола. Ако ви се издаде предупредување и повторно ги прекршувате забраните, вашето снабдување со вода може да ви биде ограничено и да бидете казнети.

**Недозволено користење на вода можете да пријавите на 13WATER (139 2837).**

За комплетни правила за Фазата 3а на мерките за заштеда на вода посетете ја нашата интернет страна на **www.ourwater.vic.gov.au** или јавете се на компанијата која ве снабдува со вода.

| | | |
|---|---|---|
| **City West Water** | 131 691 | www.citywestwater.com.au |
| **South East Water** | 131 867 | www.southeastwater.com.au |
| **Yarra Valley Water** | 131 721 | www.yarravalleywater.com.au |

Our Water Our Future
A Victorian Government initiative

Victoria
The Place To Be